РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1530/5
16-10-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 9та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Предметот заведен под број 09-4906/1 од 16.10.2023 година против лицето ---------, декан на Факултетот за ----------------------, **СЕ ЗАПИРА.**
Наводите од пријавата се потврдуваат, поради констатирана повреда на одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, до службеното лице доставен е прекршочен платен налог, по кој лицето не постапи, по што беше поднесено барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија при ДКСК.
Согласно член 24 став (1) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, поради утврдена повреда на одредби од овој закон од страна на наведеното лице, ќе се достави известување до Наставно Научниот совет на Факултетот за --------------------.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Согласно член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) отвори предмет по пријава од познат подносител со бр. 12-2257/1 од 12.04.2023 година против лицето ---------, затоа што ја извршува функцијата Декан на Факултетот за ------------- и како сопственик управува со ----------.
Со службена белешка, предметот беше префрлен во Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање по што се оформи предмет со бр. 09-4906/1 од 16.10.2023 година.
Со цел правилно утврдување на фактичката состојба, ДКСК направи проверка во Дистрибутивниот регистер на Централен регистар на Република Северна Македонија, и видно од тековната состојба на Друштвото -----------, лицето --------- е сопственик и управител

на истото друштво, а додека од обезбедената документација од Универзитетот „------------, се констатира дека проф. д-р --------- со Одлука бр.------- од 16.02.2023 година е избран за Декан на Факултетот за -------------- со мандат од три години и истата е потврдена од страна на Сенатот на Универзитетот со Одлука бр.------- од 27.02.2023 година.

Мандатот на ---------- започнал да тече сметано од 27.02.2023 година и согласно законските одредби бил должен пред стапување на функцијата Декан на Факултетот за ------------при Универзитетот ------------, управувањето на Друштвото ----------, да го довери на друго лице или тело, освен на членови на неговото семејство.

Согласно член 8 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси под поимот „семејство„ се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои избраното/именуваното лице живее во заедничко домаќинство.

ДКСК констатира повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што, согласно член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 47 став 1 од Законот прекршоците, спроведе постапка за порамнување при што беше издаден прекршочен платен налог број 09-4906/6 од 27.12.2022 година, кој видно од доставници RC080873305MK и RC082400740MK во два наврати беше вратен со назнака „не побарал„ а по третиот обид уредно е примен на ден 25.01.2024 година, видно од доставница RC082513083MK.

Во законски определениот рок од 8 (осум) дена од денот на приемот сторителот не постапи, па согласно член 47 став 8 од Законот за прекршоците, ДКСК поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија при ДКСК.

Прекршочната комисија при ДКСК достави Решение бр. 09-1530/2 од 30.07.2024 година до ДКСК со кое ја известува дека на наведеното лице му е изречена Прекршочна санкција – ГЛОБА во износ од 300 евра (триста евра) во денарска противвредност од 18.447,00 денари по среден курс на Народна банка на РСМ.

Понатаму, ДКСК достави и известување со бр. 09-4906/7 од 27.12.2023 година до лицето ---------- со укажување дека оваа констатирана состојба на повреда на ограничувањето за вршење на дејност за време на вршење на функцијата, може да се надмине единствено доколку управувањето со трговското друштво го довери на друго лице или тело, освен на членовите на своето семејство.

Наведеното лице не постапи по ова укажување на ДКСК.

За таа цел ДКСК, согласно член 24 став (1) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, поради утврдена повреда на одредби од овој закон од страна на наведеното лице, ќе го извести Наставно Научниот совет на Факултетот за ----------------, како надлежен орган за избор на лицето ------------на функцијата Декан на Факултетот ---------------.

Согласно член 24 став (2) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, надлежниот орган е должен по известувањето на ДКСК за утврдената повреда на одредби од

овој закон, писмено да ја извести ДКСК за преземените мерки во рок од 60 дена од добивањето на известувањето.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК,
Изготвил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: Б.Џ - член на ДКСК